Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
ЉУБЕН ЛАПЕ
Бр. 02-381/1
19. 05 2022 год.
Аеродром-Скопје

Врз основа на член 113, а во врска со член 75 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20) и член 8 од Правилникот за постапката, критеримуите и начинот на номинирање, избор и пофалување, односно наградување на учениците кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигнувања; на учениците кои постигнуваат натпросечни резултати во одредени наставни предмети или вонnаставни активности; и на учениците кои се првенци на генерацијата во Општинското основно училиште „Љубен Лапе“, Општина Аеродром – Скопје, директорот на Општинското основно училиште „Љубен Лапе“, Општина Аеродром – Скопје, по предлог на Наставничкиот совет, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за формирање Комисија за избор на ученици кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигнувања; на ученици кои постигнуваат натпросечни резултати во одредени наставни предмети или воннаставни активности; и на ученици кои се првенци на генерацијата во Општинското основно училиште „Љубен Лапе“, Општина Аеродром – Скопје, за учебната 2021/2022 година**

## Член 1

Со ова решение се формира Комисија Комисија за избор на ученици кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигнувања; на ученици кои постигнуваат натпросечни резултати во одредени наставни предмети или воннаставни активности; и на ученици кои се првенци на генерацијата во Општинското основно училиште „Љубен Лапе“, Општина Аеродром – Скопје, за учебната 2021/2022 година (во натамошниот текст: Комисијата), во состав:

1. Жанета Донева, предметен наставник – претседател на Комисијата;
   Сузана Михајловска, предметен наставник – заменик на претседател на Комисијата;

2. Невенка Стоева предметен наставник – член;
   Јасминка Костадиновска, предметен наставник – заменик на член;

3. Сузана Климпер , одделенски наставник – член;
   Евдокија Георгиев, одделенски наставник – заменик на член;

4. Тара Кораќ, стручен соработник, психолог – член и
   Ивана Цветановска, стручен соработник, дефектолог – заменик на член.

## Член 2

Мандатот на членовите и замениците на членовите на Комисијата е за време на периодот за избор на ученици кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигнувања; на ученици кои постигнуваат натпросечни резултати во одредени наставни предмети или воннаставни активности; и на ученици кои се првенци на генерацијата во Општинското основно училиште „Љубен Лапе“, Општина Аеродром – Скопје, за учебната 2021/2022 година, но најмногу до една година.

## Член 3


Општинско основно училиште „Љубен Лапе“ Општина Аеродром, Скопје
Ул. Васко Карангелески, бр.2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
+389 2 2452 091
www.oouljubenlape.edu.mk
ljuben_lape@yahoo.com

Scanned with CamScanner

Комисијата е должна да распише Конкурс за изборот на учениците кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигнувања; на учениците кои постигнуваат натпросечни резултати во одредени наставни предмети или вонnаставни активности; и на учениците кои се првенци на генерацијата.

Комисијата е должна во Конкурсот јасно и недвосмислено да наведе кои ученици имаат право на пријавување, начинот и рокот на пријавување и условите за пријавување со потребната документација.

**Член 4**

Комисијата е должна да ја провери целокупната поднесена документација, односно доказите согласно објавениот Конкурс и условите од Правилникот.

Комисијата е должна нецелосните и ненавремено поднесените документи, да ги отфрли.

**Член 5**

Комисијата е должна изборот на учениците кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигнувања; на учениците кои постигнуваат натпросечни резултати во одредени наставни предмети или воннаставни активности; и на учениците кои се првенци на генерацијата да го изврши по пат на рангирање.

Рангирањето на сите пријавени ученици Комисијата е должна да го изврши според веќе утврдените инструменти за рангирање и бодирањето утврдено во Правилникот.

**Член 6**

Комисијата, е должна од сите предложени кандидати за ученик на генерацијата да изработи единствена ранг листа, најдоцна до 4 јуни 2022 година.

Единствената ранг листа (на номинирани кандидати) за ученик на генерацијата се состои од сите кандидати кои освоиле најмалку бодови од бодовите на кандидатот кој е на прво место на единствената ранг листа на предложени кандидати за ученик на генерацијата.

Ако кандидатите на единствената ранг листа имаат ист број бодови, се земаат предвид другите работни оценки во текот на сите учебни години.

Прворангираниот кандидат, односно кандидатот со најмногу освоени поени се избира, односно прогласува за првенец на генерацијата.

Училиштето може да издаде диплома за првенец на генерацијата најмногу на тројца ученици, по претходно дадено мислење од Комисијата согласно единствената ранг листа.

Останатите рангирани ученици може да бидат пофалени и наградени во генерацијата во деветто одделение.

Единствената ранг листа, Комисијата ја доставува до Наставничкиот совет на потврдување, односно усвојување.

**Член 7**

Комисијата е должна единствената ранг листа по потврдувањето, односно усвојувањето од Наставничкиот совет, заедно со Извештајот од рангирањето, односно бодувањето согласно критериумите од Правилникот да ги објави на огласната табла и на интернет страницата на училиштето.

**Член 8**

Комисијата е должна за избраните и пофалени, односно наградени ученици кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигнувања; учениците кои постигнуваат натпросечни резултати во одредени наставни предмети или вонnаставни активности; и учениците кои се првенци на генерацијата, да изготви дипломи и пофалници во форма и содржина пропишана во Правилникот за формата и содржината на дипломите и начинот на нивното издавање, донесен од министерот за образование и наука, под бр. 18-11034/1 од


Општинско основно училиште „Љубен Лапе“ Општина Аеродром, Скопје
Ул. Васко Карангелески, бр.2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
+389 2 2452 091
www.oouljubenlape.edu.mk
ljuben_lape@yahoo.com

Scanned with CamScanner

9.10.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 250/20), најдоцна до крајот на учебната година.

**Член 9**

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на огласната табла и на интернет страницата на училиштето.

***Образложение***

Согласно член 75 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20):

*(1) Учениците кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигања, основното училиште ги пофалува, односно наградува.*

*(2) На учениците кои постигнуваат натпросечни резултати во одредени наставни предмети или вонннаставни активности, основното училиште, на предлог на наставничкиот*
*совет, им издава посебни дипломи и пофалници.*

*(3) На крајот на деветтото одделение училиштето може да издаде диплома за првенец на*
*генерација најмногу на тројца ученици.*

*(4) Формата и содржината на дипломите, како и начинот на нивното издавање ги пропишува министерот на предлог на Бирото.*

Согласно член 8 од Правилникот за постапката, критеримуите и начинот на номинирање, избор и пофалување, односно наградување на учениците кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигнувања; на учениците кои постигнуваат натпросечни резултати во одредени наставни предмети или вонннаставни активности; и на учениците кои се првенци на генерацијата во Општинското основно училиште „Љубен Лапе“, Општина Аеродром – Скопје, донесен од директорот на Општинското основно училиште „Љубен Лапе“, Општина Аеродром – Скопје, по предлог на Наставничкиот совет, директорот на училиштето како орган на раководење донесе Решение за формирање Комисија за избор на ученици кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигнувања; на ученици кои постигнуваат натпросечни резултати во одредени наставни предмети или вонннаставни активности; и на ученици кои се првенци на генерацијата во Општинското основно училиште „Љубен Лапе“, Општина Аеродром – Скопје, за учебната 2021/2022 година.

Согласно ова, директорот на училиштето одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**в.д ДИРЕКТОР**
**м-р Сања Стојанова**

Република Северна Македонија Општинско основно училиште Љубен Лапе Аеродром-Скопје

**Доставено до:**
- претседателот, членовите на Комисијата и нивните заменици
- секретарот
- архива

Изработил:
Секретар,
Виолета Стојковиќ


Општинско основно училиште „Љубен Лапе“ Општина Аеродром, Скопје
Ул. Васко Карангелески, бр.2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
+389 2 2452 091
www.ooujubenlape.edu.mk
ljuben_lape@yahoo.com

Scanned with CamScanner